**ЗАПИСНИК**
**од 29-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 30.07.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ,, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазар Трајчев (годишен одмор).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Арбен Саити, м-р Ивона Муфишева Алексовска, Маја Дамевска, Александар Џуваревиќ, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 29 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:40 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски најави дека г-дин Трајчев ќе биде отсутен поради користење на денови од годишниот одмор. Во врска со предложениот дневен ред објасни дека ќе има измена во насловот на Точка 2 и ќе гласи Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ. Измената се прави поради тоа што ова утро радиодифузерот ги доставил потребните документи. Објасни дека на минатата седница кога се покрена постапката, сите членови на Советот посакале ова да се случи, дале налог до Стручната служба да се јават на сите можни начини кај радиодифузерот, кај негови пријатели, кај други медиуми и најверојатно во последен момент е постигнат успех и ова утро ги доставил документите. Предложи да се додаде нова точка бр.7 која ќе гласи „Предлог-Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово". Рокот за доставување на документи истекува денес до 24:00 часот. Досега радиодифузерот нема доставено никакви документи и нема најава дека тоа ќе го направи. За да не се закажува следната недела седница само за оваа точка, предлогот е да се стави ова решение на гласање а во заклучокот да е биде кажано дека е условено ако не достави документи до 24:00 часот. Точката Разно да се помести едно место подолу и да биде бр.8.

Г-дин Фиданоски рече дека малку пребрзо се затвори првото продолжение на 28-та седница бидејќи сакал неколку збора да каже како негово мислење.

Г-дин Петрушевски му предложи на оваа седница под Разно да го каже неговото мислење на што г-дин Фиданоски се согласи.

Советот на Агенцијата, со предложените измени и дополнувања, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.07.2019 година.
2. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година.
4. Предлог за изрекување мерка-јавна опомена на ТРД АЉБАНА ПЛУС од Куманово, поради прекршување на член 41 од ЗАВМУ.
5. Предлог-правилник за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија.
6. Предлог – Одлука за набавка од мала вредност на стока (подвижни клима уреди).
7. Предлог-Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа Записникот од 28-та седница на Советот на Агенцијата, одржана на 24.07.2019 година.

Г-дин Фиданоски имаше техничка забелешка на страна 8 од Записникот во пасусот во која се опишува неговата дискусија. Предложи зборот „компетивност“ да се замени со „компетитивност“.

Советот на Агенцијата со предложената корекција од г-дин Фиданоски, со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Јанчески го усвои предложениот Записник од 28-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.07.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлог-решението за запирање на

покрената постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ. Објасни дека во текот на ноќта на службен меил беа доставени потребните документи, односно два договори со две лица и преглед на пријави и одјави од Агенцијата за вработување. Од овие документи е видно дека кај радиодифузерот се вработени вкупно 4 лица од кои двајца се ангажирани како новинари со висока стручна спрема. Дипломите се доставени по електронски пат, а ова утро документите во оригинал се доставени во архивата на Агенцијата. Со ова се отстранети причините поради кои се покрена постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека желбите на членовите на Советот од минатата седница се остварија.

Г-дин Фетаи рече дека ова може да се третира како добра вест. Со ова уште еден медиум ќе опстои за слушателите кои со години во Охрид и околината го слушаат и следат ова радио. Истакна дека е добро што радиодифузерот навреме реагирал, но лошо е тоа што Советот мора да оди со драстични, екстремни мерки додека радиодифузерот не се „разбуди". Праша дали од него се доби некое образложение зошто не контактирал со Агенцијата, на што му беше одговорено дека такво образложение нема пристигнато. Г-дин Фетаи рече дека најверојатно во живо ја следел седницата и видел што следи понатаму. Се надева дека во иднина ова едукативно ќе го сфати и ќе ги прифати дописите, контактите и укажувањата од Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ, бр.08-113 од 05.01.2015 година.

На 30.07.2019 година, Секторот за стратешко планирање и авторски права до директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, д-р Зоран Трајчевски, достави Известување за доставена документација од Трговското радиодифузно друштво Зоран Здравковиќ МХ-РАДИО Охрид ДООЕЛ (наш арх.бр.03-2618/3 од 30.07.2019 година), со кое го известува дека во архивата на Агенцијата на 30.07.2019 година е доставена документацијата во оригинал (Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект заклучно со 26.07.2019 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, и два договори за дело склучени помеѓу радиодифузерот и две физички лица), од која е видно дека во радиостаницата се вработени вкупно 4 (четири) лица, од кои 2 (две) со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека ќе се приклучи на она што г-дин Фетаи го кажал, односно дека заеднички посакуваат во иднина повеќе да не се повтори ваквата ситуација со МХ-РАДИО од Охрид.

изработија измените на наведениот подзаконски акт со што образецот е изработен согласно насоките и како прилог е доставен во материјалите.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Правилник за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија бр.01-5988/1 од 04.12.2014 година, со измена бр.01-4077/1 од 12.09.2018 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведениот правилник да го објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената одлука за набавка од мала вредност на стока (подвижни клима уреди). Објасни дека ова на индиректен начин е поврзано со точката за одржување на системот. Во летниот временски период кога температурите се екстремно високи понекогаш се случува системот за ладење заради технички причини да запре. Исто така често се случува бидејќи во центарот на градот има големи градежни активности, филтрите на системот за ладење да се затнат. За да не се доведе Агенцијата во ситуација да откаже системот за ладење посебно за време на викенд, беше предложено од Секторот за информатичка технологија да се набават две подвижни клими коишто би функционирале само во такви услови кога би дошло до откажување на системот. Првично беше размислувано да се набават три подвижни клими меѓутоа на пазарот е всушност невозможно да се најдат. Смета дека ова е единствената фирма што има две на лагер. Инаку рокот на испорака е многу голем а на Агенцијата најмногу и се потребни во летниот период. Не би било пожелно да пристигнат во декември затоа што би се користеле следното лето. За да не се пробие сумата од 1000 евра која е дозволена со измените на Законот за јавни набавки, се предлага да се набават две вакви подвижни клими.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрение директорот на Агенцијата, да донесе одлука за набавка од мала вредност за стока (два подвижни клима уреди), за потребите на Агенцијата, во износ од 42.780,00 денари со пресметан ДДВ.

Од пристигнатите понуди, понудата од Тим Корпорејшн ДООЕЛ, Кавадарци од 24.07.2019 година, заверена со наш бр.03-3675/1 од 25.07.2019 година, е финансиски најповолна за Агенцијата, од причина што вкупната понуда изнесува 42.780,00 денари со вклучен ДДВ и се однесува за два подвижни клима уреди, согласно Барањето од Секторот за информатичка поддршка и општи работи.

За реализирање на горенаведената услуга, средствата се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со предложеното решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово, објасни дека денес им истекува

рокот до 24:00 часот на полноќ. Посочи дека одлуката која ќе ја донесе Советот дека се одбива барањето ќе биде условна, односно ако не доставаат документи до крајот на денот. Доколку радиодифузерот достави документи, одлуката на Советот нема да биде полноважна и Стручната служба ќе си продолжи со постапката да ги разгледува документите дали се во ред или не.

Г-дин Трајчевски објасни дека ТВ КИСС кој емитува програма преку мултиплекс во регионот Тетово-Гостивар од минатата година веќе неколку пати поднесува барање но никако да ги докомплетира документите. Сеуште ги нема отстрането недостатоците а рокот за достава истекува денес на полноќ. Ако документите не ги достави денес до 24:00 по електронска пошта до Агенцијата или неколку дена по пошта тогаш ќе се смета за валидна одлуката на Советот. Во спротивно ако достави, Советот ќе биде известен а Службата повторно ќе ги разгледува за да види дали се отстранети неправилностите. Доколку документите се во ред, постапката ќе продолжи со предлог за доделување на бараната дозвола.

Г-дин Петрушевски објасни дека предноста на оваа одлука што денес би ја донеле е тоа што следната седница не мора да се закажува за идната недела и лично може да планираат викенд или одмор.

Г-дин Фиданоски рече дека се согласува и тој со предлогот, со тоа што би сугерирал како што разговарале и пред почетокот на седницата, во заклучокот да стои дека одлуката на Советот е условена ако до крајот на денешниот ден, до полноќ до 24:00 часот не стасаат документите решението ќе стане валидно, во спротивно постапката си продолжува и службата ќе оцени дали пристигнатите документи се во ред или не, па повторно ќе се даде мислење.

Раководителката на Одделението за нормативно – правни работи м-р Ивона Муфишева Алексовска објасни дека според Законот за општа управна постапка има рок од 7 дена да се донесе управен акт во случај да не ги достави од последниот ден од кога ќе му истече рокот.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Решение за отфрлање на Барањето за доделување на дозвола без објавување на јавен конкурс за телевизиско емитување на ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово Уп1 бр.08-325 од 19.06.2019 година, поради тоа што не е уредно пополнето и не ги содржи сите податоци кои се предвидени во член 76 ставови 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19).

Решението е со условна важност и ќе стапи во сила доколку ТРД ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово во определениот рок, односно заклучно со 30.07.2019 година (до 24:00 по електронска пошта или по пошта со датум на прием до 30.07.2019 година) не ги достави потребните документи за да го дополни Барањето и не ги отстрани недостатоците наведени во Известувањето бр.08-325 од 08.07.2019 година во точките од I до VIII, до Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

**Разно**

Г-дин Фиданоски рече дека сака на некој начин да ги релаксира колегите г-дин Фетаи и г-дин Ајдини кои беа многу скептични околу одлуката за јавната набавка: Одржување на системот за мониторирање на РА и ТВ сервиси и надзор над операторите на јавна електронска комуникациска мрежа. Рече дека не е спорно, Советот ќе ја следи работата на Агенцијата и на директорот и на Стручната служба дали јавната набавка се спроведува онака како што е преставена на членовите на Советот. Доколку има нешто за што сметаат дека не е во ред можат да реагираат, да го поставaт тоа прашање јавно. Лично смета дека таа постапка ќе се спроведе како што треба. Дополнително, на новиот состав на Советот ќе му дадат повеќе простор да се снајде во неговата улога, да согледа како течат работите и да размисли дали треба следните набавки на поинаков начин да ги спроведе. Од друга страна тој нов Совет секогаш ќе има алиби дека како состав не ја донел таа одлука која сега тие ја донесоа.

Г-дин Петрушевски во врска со новиот Совет, рече дека сите се подготвуваат да му овозможат да работи. Ќе се види што понатаму ќе се случи, тешко ќе биде решението, во секој случај тие се спремни да продолжат до крај. Проблем ќе биде ако до крајот на нивниот мандат не се избере нов Совет и тогаш ќе имаат дилема дали да продолжат или како ќе се постапува понатаму.

**Бр. 02-3716/8**
**19.08.2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**